# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 4 декември 2000 Скопје
Број 101 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**3170.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 ноември 2000 година.

Бр. 07-4739/1
24 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97 и 25/2000), во член 90 алинеја 4 се менува и гласи:

"- утврдува Буџет и завршна сметка на Заводот";

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**3171.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАСИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пасиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 ноември 2000 година.

Бр. 07-4740/1
24 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАСИШТАТА

Член 1

Во Законот за пасиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/98), во членот 3 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "и земјиште што се наоѓа во близина на населено место и служи претежно за изгон, одмор и делумно пасење на добиток".

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

"Јавното претпријатие за пасишта ги дава пасиштата на користење на правни и физички лица (во натамошниот текст: корисници на пасишта), освен пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на селско населено место, по пат на јавен оглас во зависност од капацитетот на пасиштата.

При еднакви услови, предност во добивањето на пасиштето на користење има дотогашниот корисник, односно граѓаните кои живеат во тие населени места.

Пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на селско населено место ќе се користат од одгледувачите на добиток кои живеат во тие селски населени места.

Јавното претпријатие за пасишта утврдува услови за начинот на управувањето, користењето и распределбата на пасиштата од став 3 на овој член, според порационалното и пооптималното користење, катастарската евиденција и потребите на одгледувачите на добиток.

Јавното претпријатие за пасишта користењето на пасиштата од став 3 на овој член, може да го пренесе на облиците на организирање на локалната самоуправа на корисниците, односно граѓаните кои живеат во населените места од став 1 на овој член."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**3172.**

Врз основа на член 86 став еден и два од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Поради престанок на функцијата се разрешуваат од членови на Советот за безбедност на Република Македонија

- Д-р Саво Климовски,
- Александар Димитров.

II

За членови на Советот за безбедност на Република Македонија се именуваат:

- Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија,
- Д-р Срѓан Керим, министер за надворешни работи.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1560
4 декември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**3173.**

Врз основа на член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Собранието на Република Македонија се избира Стојан Андов, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4836/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

---

**3174.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи се избира Срѓан Керим.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4846/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

---

**3175.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за економија се избира Бесник Фетаи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4847/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

---

**3176.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука се избира д-р Ненад Новковски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4848/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

---

**3177.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање се избира Марјан Додовски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4849/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

---

**3178.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Владата на Република Македонија се избира Зоран Крстевски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4850/1
30 ноември 2000 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Иљаз Халими,** с.р.

**3179.**

Врз основа на член 5 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/99), согласно Програмата за користење на средствата за заштита на животните во 2000 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНА РЕЗЕРВА НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. На товар на средствата на Буџетот на Република Македонија во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - функција на државата, потставка 427110 - Постојана резерва, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се одобруваат:

денари: 20.000.000,00 (дваесет милиони денари).

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се употребат за Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2000 година.

3. Министерството за финансии ќе ја изврши оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5511/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3180.**

Врз основа на член 11, точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ" - СКОПЈЕ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на ЈП "Македонски железници" - Скопје бр. 02-1325/1-3, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Скопје на седницата одржана на 15.09.2000 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4949/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3181.**

Врз основа на член 6 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 2000 ГОДИНА**

1. Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачката во 2000 година во износ од 660.000 денари се распределуваат на Единицата на локална самоуправа за покривање на дел од трошоците за локални избори 2000:

1. Гази Баба 660.000 денари

2. Изборната комисија на општината Гази Баба е должна средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користи наменски.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии. Средствата ќе се преведат на жиро сметката на Изборна комисија на Општина Гази Баба.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5383/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3182.**

Врз основа на член 6 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 2000 ГОДИНА**

1. Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачката во 2000 година во износ од 95.000.000 денари се распределуваат на следните Единици на локалната самоуправа:

| | |
|---|---|
| 1. Берово | 1.000.000,00 денари |
| 2. Пехчево | 1.000.000,00 денари |
| 3. Битола | 2.000.000,00 денари |
| 4. Бистрица | 500.000,00 денари |
| 5. Новаци | 500.000,00 денари |
| 6. Бач | 200.000,00 денари |
| 7. Старавина | 500.000,00 денари |
| 8. Могила | 400.000,00 денари |
| 9. Кукуречани | 100.000,00 денари |
| 10. Цапари | 100.000,00 денари |
| 11. Добрушево | 200.000,00 денари |
| 12. Македонски Брод | 500.000,00 денари |
| 13. Самоков | 600.000,00 денари |
| 14. Пласница | 300.000,00 денари |
| 15. Валандово | 1.000.000,00 денари |
| 16. Виница | 2.000.000,00 денари |
| 17. Блатец | 600.000,00 денари |
| 18. Гевгелија | 1.500.000,00 денари |
| 19. Миравци | 700.000,00 денари |
| 20. Богданци | 800.000,00 денари |
| 21. Стар Дојран | 500.000,00 денари |
| 22. Гостивар | 2.000.000,00 денари |
| 23. Неготино-Полошко | 1.000.000,00 денари |
| 24. Врапчиште | 1.000.000,00 денари |
| 25. Ростуше | 1.500.000,00 денари |
| 26. Маврови Анови | 1.500.000,00 денари |
| 27. Чегране | 800.000,00 денари |
| 28. Долна Баница | 800.000,00 денари |
| 29. Србиново | 500.000,00 денари |
| 30. Вруток | 500.000,00 денари |
| 31. Дебар | 1.000.000,00 денари |
| 32. Центар Жупа | 300.000,00 денари |
| 33. Делчево | 2.000.000,00 денари |
| 34. Македонски Каменица | 1.500.000,00 денари |
| 35. Демир Хисар | 1.500.000,00 денари |
| 36. Сопотница | 600.000,00 денари |
| 37. Кавадарци | 2.000.000,00 денари |
| 38. Конопиште | 1.000.000,00 денари |
| 39. Росоман | 500.000,00 денари |
| 40. Кичево | 1.500.000,00 денари |
| 41. Другово | 600.000,00 денари |
| 42. Осломеј | 400.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 43. Вранештица | 300.000,00 денари |
| 44. Зајас | 300.000,00 денари |
| 45. Кочани | 2.000.000,00 денари |
| 46. Чешиново | 200.000,00 денари |
| 47. Облешево | 1.000.000,00 денари |
| 48. Зрновци | 200.000,00 денари |
| 49. Оризари | 1.000.000,00 денари |
| 50. Кратово | 800.000,00 денари |
| 51. Крива Паланка | 1.500.000,00 денари |
| 52. Ранковце | 300.000,00 денари |
| 53. Орашец | 200.000,00 денари |
| 54. Крушево | 1.000.000,00 денари |
| 55. Житоше | 300.000,00 денари |
| 56. Неготино | 800.000,00 денари |
| 57. Демир Капија | 300.000,00 денари |
| 58. Прилеп | 2.000.000,00 денари |
| 59. Долнени | 2.000.000,00 денари |
| 60. Тополчани | 500.000,00 денари |
| 61. Кривогаштани | 1.000.000,00 денари |
| 62. Витолиште | 500.000,00 денари |
| 63. Пробиштип | 1.000.000,00 денари |
| 64. Злетово | 700.000,00 денари |
| 65. Радовиш | 2.500.000,00 денари |
| 66. Конче | 1.000.000,00 денари |
| 67. Подареш | 1.000.000,00 денари |
| 68. Ресен | 1.500.000,00 денари |
| 69. Свети Николе | 1.000.000,00 денари |
| 70. Лозово | 400.000,00 денари |
| 71. Струмица | 3.000.000,00 денари |
| 72. Ново Село | 2.000.000,00 денари |
| 73. Василево | 1.000.000,00 денари |
| 74. Босилово | 1.500.000,00 денари |
| 75. Куклиш | 1.000.000,00 денари |
| 76. Муртино | 1.000.000,00 денари |
| 77. Струга | 2.000.000,00 денари |
| 78. Џепчиште | 100.000,00 денари |
| 79. Јегуновце | 150.000,00 денари |
| 80. Вратница | 100.000,00 денари |
| 81. Велес | 1.500.000,00 денари |
| 82. Богомила | 150.000,00 денари |
| 83. Градско | 600.000,00 денари |
| 84. Чашка | 600.000,00 денари |
| 85. Извор | 400.000,00 денари |
| 86. Штип | 2.500.000,00 денари |
| 87. Карбинци | 500.000,00 денари |
| 88. Чаир | 5.000.000,00 денари |
| 89. Студеничани | 700.000,00 денари |
| 90. Сарај | 1.300.000,00 денари |
| 91. Арачиново | 1,000.000,00 денари |
| 92. Велешта | 500.000,00 денари |
| 93. Делогожда | 800.000,00 денари |
| 94. Липково | 1.000.000,00 денари |
| 95. Шипковица | 500.000,00 денари |
| 96. Брвеница | 600.000,00 денари |
| 97. Теарце | 800.000,00 денари |
| 98. Камењане | 300.000,00 денари |
| 99. Тетово | 1.100.000,00 денари |
| 100. Боговиње | 500.000,00 денари |
| ВКУПНО: | 95,000,000.00 денари |

2. Единиците на локалната самоуправа се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии. Средствата ќе се преведат на жиро сметките на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5520/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**3183.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/99 и 40/99) и член 86 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА, УКРАСЕН КАМЕН - МЕРМЕР ВО АТАРОТ НА СЕЛО ВЕПРЧАНИ НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ТАИБ И САБАХУДИН "ЕВРО ГРАНИТИ" ДОО ОД СЕЛО ЖЕЛИНО - ТЕТОВО

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги Таиб и Сабахудин "ЕВРО ГРАНИТИ", ДОО од село Желино - Тетово се дава концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина, украсен камен - мермер во атарот на село Вепрчани со следните координати:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА X | КООРДИНАТА Y |
|---|---|---|
| Т1 | 4 569 840 | 7 563 780 |
| Т2 | 4 572 260 | 7 561 880 |
| Т3 | 4 573 640 | 7 563 740 |
| Т4 | 4 571 220 | 7 565 640 |

Површината на просторот од став 1 на овој член изнесува 6,9 км$^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместокот ќе се определи во Договорот за концесијата.

5. Како почеток на користењето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесијата.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за стопанство.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5380/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**3184.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/99 и 40/99) и член 86 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ, МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС $CO_2$, ВО ОКОЛИНАТА НА С. БАЧ, БИТОЛА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ "ГРУНД" ДООЕЛ ОД БИТОЛА

1. На Претпријатието за изведување на градежни работи "ГРУНД" ДООЕЛ, Битола се дава концесија за вршење на детални геолошки истражувања на ми-

нералните суровини, минерална вода и гас $CO_2$, во околината на с. Бач, Битола со следните координати:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА X | КООРДИНАТА Y |
|---|---|---|
| Т1 | 4 532.500 | 7 544.000 |
| Т2 | 4 534.000 | 7 544.000 |
| Т3 | 4 534.000 | 7 546.500 |
| Т4 | 4 532 500 | 7 546.500 |

Површината на просторот од став 1 на овој член изнесува 3.75 $км^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместокот ќе се определи во Договорот за концесијата.

5. Како почеток на користењето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесијата.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5413/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3185.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/99 и 40/99) и член 86 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ, МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС $CO_2$ НА ЛОКАЛНОСТА НА С. НОВАЦИ, БИТОЛА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ПРОМЕТ, УСЛУГИ И ГРАДЕЖНИШТВО "КОНАРТИС" МИХАЈЛО И ДРУГИ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ, СКОПЈЕ

1. На Претпријатието за промет, услуги и градежништво "КОНАРТИС" Михајло и други ДОО увоз-извоз се дава концесија за вршење детални геолошки истражувања на минералните суровини, минерална вода и гас $CO_2$, на локалноста на с. Новаци, Битола со следните координати:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА X | КООРДИНАТА Y |
|---|---|---|
| Т1 | 4 545.000 | 7 537.000 |
| Т2 | 4 545.000 | 7 538.500 |
| Т3 | 4 542.500 | 7 538.500 |
| Т4 | 4 542.500 | 7 537.000 |

Површината на просторот од став 1 на овој член изнесува 3.75 $км^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесијата, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместокот ќе се определи во Договорот за концесијата.

5. Како почеток на користењето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесијата.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5412/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3186.**

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се определуваат предметите кои може да се увезат без плаќање царина, а за потребите на Министерството за одбрана и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Именување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8705 | | Моторни возила за специјални намени (на пример, самотоварни возила за превоз на дефектни возила, возила дигалки, пожарникарски возила, возила со вградени бетонски мешалки, возила за чистење на патишта, возила за прскање или посипување, возила-подвижни работилници, подвижни радиолошки единици), освен оние конструирани првенствено за превоз на патници или на стоки: | |
| | 8705 90 | -Друго: | |
| | 8705 90 90 00 | --Друго<br>а)Воени моторни возила за специјална намена, тип VW "ILTIS", со дополнителна опрема и резервни делови | 150 парчиња |
| | | б) Специјални воени санитетски возила, тип "L 508 D" KRKW со дополнителна опрема и резервни делови | 20 парчиња |
| 9005 | | Дурбини (со еден или два објектива), оптички телескопи и нивни постаменти; други астрономски инструменти и нивни постаменти, освен инструменти за радиоастрономија: | |
| | 9005 10 00 00 | -Дурбини со два објектива (двогледи)<br>а) Двогледи за ноќно гледање IR | 300 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5455/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3187.**

Врз основа на член 10 од Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96) член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Битола, Бач, Бистрица, Добрушево, Кукуречани, Могила, Новаци, Старавина и Цапари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈКП "ВОДОВОД"-БИТОЛА**

1. За директор на Јавното комунално претпријатие "Водовод"-Битола се именува Зоран Илиоски, дипл. елек. инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5419/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3188.**

Врз основа на член 10 од Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96) член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Битола, Бач, Бистрица, Добрушево, Кукуречани, Могила, Новаци, Старавина и Цапари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈП "КОМУНАЛЕЦ"-БИТОЛА**

1. За директор на Јавното претпријатие "Комуналец"-Битола се именува Зоран Атанасовски, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5420/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3189.**

Врз основа на член 10 од Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96) член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Битола, Бач, Бистрица, Добрушево, Кукуречани, Могила, Новаци, Старавина и Цапари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД" - БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "Водовод"-Битола се именуваат:
- Тоде Велевски, вработен во АД "Фринко"-Битола;
- Вецко Дамјановски;
- Гоце Кантаровски;
- Кире Крстевски, економист, вработен во "Молика"-Битола;
- Никола Наумовски, дипл. електро инж. вработен во "Стрежево"-Битола;
- Ристо Ристевски, доктор на медицина, вработен во Медицинскиот центар во Битола;
-Димче Стојановски;
- Пеце Стојковски, дипл. економист, вработен во ФОД-Новаци;
- Љупчо Тасевски, вработен во Царинска управа-Царина Битола;
- Владо Трајковски, доктор на медицина, вработен во Медицинскиот центар во Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5421/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3190.**

Врз основа на член 10 од Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96) член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Битола, Бач, Бистрица, Добрушево, Кукуречани, Могила, Новаци, Старавина и Цапари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "КОМУНАЛЕЦ" - БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие "Комуналец"-Битола се именуваат:
- Слободан Гарчевски, пратеник во Собранието на Република Македонија;
- Весна Јовановска, пратеник во Собранието на Република Македонија;
- Ѓорѓи Котевски, пратеник во Собранието на Република Македонија;
- Горан Невеновски, пратеник во Собранието на Република Македонија;
- Сашо Никовски, вработен во АД за телекомуникации "Македонски телекомуникации"-Подружница-Битола;
- Владо Сугаревски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5422/2
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3191.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ - СВЕТИ НИКОЛЕ**

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Народниот музеј-Свети Николе се именуваат:
а) за претседател
- Јорданчо Давитков, дипл. графичар на применета уметност, вработен во АД "Мода"-Свети Николе.

б) за членови

- Александар Андонов, дипл. економист;
- Љупчо Насков, в.д. директор на Радио Свети Николе

од редот на вработените.

- Валентина Ташева, архитект;
- Борис Лазаров, историчар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5403/2
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3192.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА**

1. Се разрешува Параскева Чатмова од должноста советник на министерот за одбрана, поради заминување на друга должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5441/2
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3193.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА**

1. Се разрешува Идриз Ковачи од должноста помошник на директорот на Агенцијата за стопански недоволно развиените подрачја.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5442/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3194.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА БИРОТО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА**

1. За помошник на директорот на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја се назначува Зуди Џелили, инж. технолог.
2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5443/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3195.**

Врз основа на член 24 став 1 од Законот за стандардизација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95), министерот за економија донесува

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ОБЈЕКТИ ОД АТМОСФЕРСКИ ПРАЗНЕЊА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Заштита на објекти од атмосферски празнења - Општи услови МКС Н.Б4.801
2. Заштита на објекти од атмосферски празнења - Просечен годишен број на денови со грмотевици МКС Н.Б4.803
3. Заштита на објекти од атмосферски празнења - Толерирана зачестеност на атмосферски празнења МКС Н.Б4.804
4. Заштита на објекти од атмосферски празнења - Примена на фаќачи со уред за рано стартување МКС Н.Б4.810

Член 2

Македонските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Службата за стандардизација и метрологија.

Член 3

Применувањето на македонските стандарди од член 1 од овој правилник не е задолжително.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за технички прописи за громобрани ("Службен лист на СФРЈ" бр. 13/68).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-2481/2
28 ноември 2000 година
Скопје

Министер за економија,
м-р **Борко Андреев,** с.р.

---

**3196.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Сопот - Општина Свети Николе.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5450/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3197.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Кнежје - Општина Свети Николе.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5451/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3198.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Водоча - Општина Струмица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5452/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3199.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Старо Село - Општина Вратница.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5453/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3200.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Јелошник - Општина Теарце.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5454/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3201.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Луковица - Општина Желино.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5455/1
1 декември 2000 година Зам. директор,
Скопје дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3202.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Припор - Општина Кочани.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5456/1
1 декември 2000 година
Скопје

Зам. директор,
дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3203.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Црвена Нива - Општина Кочани.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5457/1
1 декември 2000 година
Скопје

Зам. директор,
дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3204.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Тепавци - Општина Новаци.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5458/1
1 декември 2000 година
Скопје

Зам. директор,
дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

**3205.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Македонски Брод - Општина Македонски Брод.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5459/1
1 декември 2000 година
Скопје

Зам. директор,
дипл.геод.инж. **Јакуп Фетаи,** с.р.

По извршената проверка со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за распределба на средства за изградба на водоводи и канализации во Република Македонија во 2000 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2000, е направена техничка грешка, поради што се дава

**ИСПРАВКА**
**НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ И КАНАЛИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2000 ГОДИНА**

Во точка 1, за општина Гостивар, алинеја 1, ред 3, наместо зборовите: "ул. ЈНА", треба да стојат зборовите: "ул. 512 и 505".

Бр. 23-3322/2
28 ноември 2000 година
Скопје

Од Владата на Република Македонија

## *Огласен дел*

### СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд е покрената процесна постапка по тужба на тужителката Валентина Спасовска од Скопје, ул."Вељко Влаховиќ" бр. 20/16, против тужениот Момчило Спасовски, со непозната адреса на живеење, за развод на брак.

Со решение на судот П.бр. 1090/2000 од 28.11.2000 година, на тужениот му е поставен привремен застапник адвокатот Радмила Василевиќ Шишковска од Скопје, која ќе го застапува во постапката се додека тужениот и неговиот полномошник не се појават во судот, односно Центарот за социјална работа не го извести судот дека на тужениот му е поставен привремен старател.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VI.П.бр. 1090/00. (44032)

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје поднесена е тужба од тужителот Рамадани Казим од Скопје, против тужената Ружникова Дениса од Р.Чешка, со непозната адреса, за развод на брак.

За привремен застапник кој тужената ќе ја застапува пред овој суд со решение бр. 2013/2000 од 24.10.2000 година, поставен е адвокатот Владимир Стефановски од Скопје.

Се предупредува тужената дека привремениот застапник ќе ја застапува во постапката во предметниот спор се додека тужената или нејзин полномошник не се појават пред судот, а се до правосилното окончување на постапката по предметниот спор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје,V.П.бр.2013/00. (44492)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак, по тужба на тужителката Себијан Таухерт, против тужениот Штефан Таухерт кој се наоѓа во СР Германија, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Штефан Таухерт кој живее во Германија со непознато место на живеење, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во су-

дот и да достави податоци за неговото живеалиште или судот да го извести со писмен доказ за неговото живеалиште, во спротивно судот ќе му постави привремен застапник од редот на адвокатите преку Центарот за социјални работи.

Трошоците за огласот ќе ги сноси тужителката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XII. П.бр. 1934/00. (44490)

---

Пред овој суд се води постапка по тужба на тужителите Владимир и Љубинка Божиновски од Скопје, против тужениот Илија Божиновски од Скопје, со непозната адреса во странство, за измена на одлука за издршка, вредност неопределена.

Судот на тужениот Илија Божиновски му постави привремен застапник, адвокатот Љупчо Илиев од Скопје, комплекс Чаирчанка, мезанин, локал 35, кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката XI. П. бр. 1869/00.

Се повикува тужениот Илија Божиновски во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот лично или преку полномошник и да ја преземе постапката, бидејќи во спротивно истата ќе продолжи преку поставениот застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XI. П. бр. 1869/00. (44100)

---

Пред овој суд во тек е постапка за поставување на привремен старател на тужениот Бејадин Рамука од Скопје сега со непозната адреса, а во врска со поднесената тужба од Халил Елези, за поништување на договор за купопродажба на куќа.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на Град Скопје бр. 3020-656 од 01.11.2000 година, за привремен старател на тужениот Бејадин Рамука, со непозната адреса на живеење, е поставена Милованка Тренговска адвокат од Скопје, ул."Питу Гули" бр. 70. Привремениот старател ќе го застапува тужениот пред судот и ќе ги штити неговите интереси во поведената постапка се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, а до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII. П.бр. 887/99. (44642)

---

Пред овој суд се води постапка за равод на брак по тужба на тужителката Гима Мирадија од Скопје, застапувана од полномошникот адвокат Шабан Салију, против тужениот Гима Бедри од Косово - Југославија со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Гима Бедри во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да му достави на судот податоци за неговото живеалиште со писмен поднесок или лично, во спротивно судот ќе му постави привремен застапник од редот на адвокатите, адовкат Дангов Димитар од Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XIII. П.бр. 2039/00. (44679)

## ОСНОВЕН СУД ВО БЕРОВО

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужба на тужителот Владо Гашчеовски од с. Смојмирово, против тужената Душанка Гашчеовска од Гевгелија, а сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува тужената Душанка Гашчеовска од Гевгелија да во рок од 30 дена од објавувањето на огласот се јави во судот или назначи свој полномошник.

Доколку во истиот рок не се јави или не одреди свој полномошник ќе и биде поставен привремен застапник од редот на стручните соработници на овој суд кој ќе ги застапува нејзините интереси се до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Берово, П.бр. 184/00. (43860)

## ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Пред овој суд во тек е постапка по тужба на тужителот Осман Шкријељ од с. Црквино - Велес, против тужениот Фетаховиќ Јусуф, сега со непознато место на живеење во СР Југославија.

Се повикува тужениот Фетаховиќ Јусуф да во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла на судот да се јави во судот, во спортивно по истекот на овој рок ќе му биде поставен привремениот застапник Зоран Лозаноски - стручен соработник, кој ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 1485/99. (44058)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Основниот суд во Гостивар врз основа на член 78 став 2 точка 4 од ЗПП на тужените Сулејмани Гонфазер, Сулејмани Хане и Сулејмани Суло сега со непознато место на живеење и претстојувалиште, во спорот за утврдување право на сопственост, по тужбата на тужителот Халили Зејнел Камил од с. Балиндол - Гостиварско, им поставува привремен застапник - стручниот соработник на овој суд Димитриеска Душица која ги има сите права на законски застапник во оваа постапка согласно член 79 од ЗПП.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 335/99. (44433)

## ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани е поднесена тужба од тужителката Роска Крстева од Кочани, против тужените Милан Крстев од Кочани и Станчо Крстев на работа во САД - со непозната адреса, заради утврдување ништовност на договор за подарок, вредност на спорот 10.000,00 денари.

Се повикува второтужениот Станчо Крстев во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот или определи свој полномошник, во спротивно судот за привремен застапник на второтужениот ќе го определи Благојчо Стоименов - стручен соработник во Основниот суд во Кочани, кој ќе ги застапува интересите на второтужениот до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр. 236/2000. (44442)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е поведена постапка по тужба на тужителката Милосављевиќ Цветанка вработена и живее во СР Германија - Минхен, против тужениот Рагиб Кујовиќ со непозната адреса во Босна и Херцеговина, за развод на брак, вредност на спорот 60.000,00 денари.

Со оглед да тужениот е со непознато место на живеење, од Основниот суд во Куманово, на тужениот Рагиб Кујовиќ му се одредува привремен застапник Горан Пешевски адвокат од Куманово, кој што ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред овој суд.

Од Основниот суд во Куманово, I. П.бр. 09-1541/00. (44095)

## ОСНОВЕН СУД ВО КИЧЕВО

Пред Основниот суд во Кичево се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Мирјана Карагоска од Кичево, спрема тужениот Иса Карагоски од Кичево со непозната адреса.

Се повикува тужениот Иса Караговски во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во овој суд, и во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Кичево, П.бр.291/00. (43812)

## ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред Основниот суд во Ресен се води постапка за сопственост, по тужбата на тужителите Кериме Сулејмановска од с.Горна Бела Црква сега во Данска, и

Есат Сулејмановски од с.Горна Бела Црква сега во Данска, против тужените Тосун Аметовски од с.Грнчари сега во САД и Фирдес Асани од с.Грнчари, сега во Шведска со непозната адреса.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот, на судот да му достават точни адреси или да овластат полномошник. Во спротивно, судот по службена должност ќе им постави привремен застапник кој ќе ги застапува нивните права и интереси, а се до окончувањето на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен, П.бр. 101/2000. (43863)

## ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Основниот суд во Струмица како првостепен граѓански суд постапувајќи по тужбата на тужителката Олгица Божинова родена Пецева од Струмица, против тужениот Драги Божинов од Струмица, ул."Ценка Павлова" бр. 5/3, а сега со непозната адреса на живеење, а за развод на брак, врз основа на член 80 од ЗПП.

За привремен застапник на тужениот Драги Божинов од Струмица, ул."Ценка Павлова" бр. 5/3, сега со непозната адреса на живеење во предметот на Основниот суд во Струмица П.бр. 1546/99 година, а по тужбата на тужителката Олгица Божинова родена Пецева од Струмица, за развод на брак, се назначува Валентина Митева - стручен соработник во Основен суд во Струмица.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужениот, согласно член 79 од ЗПП, со сите права по Законот се до појавувањето на тужениот или негов полномошник пред овој суд.

Се повикува тужениот Драги Божинов да се јави во Основниот суд во Струмица, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 1546/99. (44116)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води вонпроцесна постапка по предлог на предлагачот Настовски Зоран од Тетово, ул."Цветан Димов" бр. 55, преку полномошникот Зоран Томиќ адвокат од Тетово, а против Настовска Борка и Настовски Петре, двајцата со непозната адреса во САД, а за физичка делба.

Се повикуваат противниците Настовска Борка и Настовски Петре и двајцата сега со непозната адреса во САД да се јават во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, како противници, а по предлог на предлагачот Настовски Зоран од Тетово, застапуван од адвокатот Зоран Томиќ, а за физичка делба.

Доколку во овој рок не се јават и не одредат свој полномошник судот ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси.

Од Основниот суд во Тетово, ВПС.бр. 35/2000. (43711)

## ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

По предлог на предлагачот Костов Атанас од Скопје, во овој суд е поведена постапка за докажување на смртта на лицето Ѓоргиев Никола од с.Сушево - Штип, од татко Ѓорги и мајка Кираца, кој умрел на 26.07.1943 година, и е погребан на гробиштата во с.Сушево, но неговата смрт не е заведена во Матичната книга на умрените.

Се повикува секој оној кој знае нешто за смртта на лицето Ѓоргиев Никола од с.Сушево - Штип најдоцна во рок од 15 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд и да го извести судот за тоа, во спротивно смртта ќе се утврдува со други докази.

Од Основниот суд во Штип, ВПП.бр. 79/2000. (44185)

---

## ПОРАДИ ТЕХНИЧКИ ГРЕШКИ СЕ ДАВААТ СЛЕДНИТЕ ИСПРАВКИ

Основниот суд Скопје I - Скопје преку претседателот на советот судијата Ангелова Олга, во правната работа на тужителот Усеин Мејрем од Скопје, ул. "Христијан Тодоровски Карпош" бр. 8/5, против тужениот Хасан Мерџан од Скопје, сега со непозната адреса во странство, за утврдување право на сопственост на недвижен имот - стан што се наоѓа во Скопје, ул. "Цветан Димов" бр. 3/1-8. На тужениот Хасан Мерџан му е поставен привремен застапник во спорот согласно член 78 став 2 точка 5 од ЗПП адвокатот Љиљана Поповска од Скопје, ул."Пајко Маало" бб.

Привремениот застапник во оваа постапка ги има сите права и должности на законски застапник кој ќе ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, III. П.бр. 889/00. (43730)

---

Во судскиот оглас I.П. бр. 799/98 објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година, под реден бр. 43602 на стр. 5380, во последниот ред треба да стои: "Во спротивно, судот ќе му назначи привремен застапник кој ќе го застапува се додека тужениот лично не се појави во судот или не определи свој полномошник."

---

Во судскиот оглас П.бр. 703/2000 објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година под реден бр. 43517 на стр. 5380. Во шестиот ред зборовите "во Швајцарија" се бришат, а во вториот став наместо објавениот текст треба да стои: "Бидејќи тужениот е со непозната адреса во Р.Србија, за привремен застапник му се определува стручниот соработник Бобан Димоски, вработен при Основниот суд во Гостивар, кој ќе ги застапува интересите на тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот."

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 703/2000.

---

Во судскиот оглас П.бр. 1051/95 обајвен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година, под реден бр. 43516 на стр. 5381 во вториот став наместо објавениот текст треба да стои: "Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот или одреди полномошник кој ќе го застапува во постапката, се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот. За времен застапник на тужениот му се поставува Лидија Велиновска адвокат од Куманово.

---

Во судскиот оглас П.бр. 981/2000, објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година под реден бр. 43505 на страна 5381 на место објавениот текст во вториот став треба да стои: "Се повикуваат тужените да се јават во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во судот и постават застапник или достават адреса.

Во спротивно, судот ќе им постави времен старател кој ќе го води спорот во нивно име."

---

Во судскиот оглас П.бр. 179/00 објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година под реден бр. 43511 на стр. 5381. Во првиот став после зборовите: "со непозната адреса на живеење" се додаваат зборовите:" во Данска". Во вториот став наместо "во рок од 15 дена" треба да стои: "во рок од 30 дена".

---

Во судскиот оглас П.бр. 597/2000 објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година, под реден бр. 43706 на страна 5381 во вториот став наместо:"во рок од 15 дена" треба да стои: "во рок од 30 дена".

---

Во судскиот оглас П.бр. 1211/2000 објавен во бр. 99 од 24 ноември 2000 година, под реден бр. 43712 на стр. бр. 5382 во вториот став зборовите:"преку Центарот за социјални работи" се бришат.

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации на Основниот суд во Гостивар со Зг. бр. 15/2000 и рег. бр. 33/2000 се запишува здружението Друштво за проучување и заштита на птиците на Македонија "БИТУШЕ" (ДПЗПМ - "БИТУШЕ") со седиште во Битуше - општина Ростуше, кое ќе го застапува Кироски Пејо од с.Битуше со МБ 2201968473029.

Цел и задачи на друштвото односно Здружението е популаризација на орнитологијата, заштита на птиците и нивното живеалиште и воопшто заштита на природата на територијата на општина Ростуше и општините Маврово, Дебар и Жупа.

Од Основниот суд во Гостивар. (43143)

---

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации на Основниот суд во Гостивар со Зг. бр. 31/2000 и рег. бр. 35/2000 се запишува регионалното здружение на одгледувачи на овци и преработувачи на овчо млеко од Западна Македонија со седиште во Гостивар, кое ќе го застапува Скендер Аме од Дебар, ул. "Ј.Зафироски" бр. 6, Дебар.

Основни цели и задачи на здружението се: подобрување на целокупните услови за развој на сточарството особено овчарството во РМ преку решавање на проблемот со пасиштата, подобрување на состојбата на пасиштата и инфраструктурата, подобрување и унапредување на целокупното производство на млеко, месо и производи на овчо млеко и подобрување на домашната раса, стандардизација на производството преку примена на подобри технологии организирање на семинари набавка на репроматеријали откуп и настап на пазарот, подобрување на условите за работа и работна рака како и се друго што оди во прилог кон подобрување на ова здружение.

Од Основниот суд во Гостивар. (43503)

---

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под реден бр. 36 за 2000 - та година се врши упис на основање на здруженијата на граѓани со име Центар за наука на млади од Прилеп.

Основни цели и задачи на здружението се: ставање на науката и научниот развој во центарот на општественото внимание, дистрибуција на светските научни трендови и трудови до младите луѓе создавање на простор за нови имиња во науката, давање на мислење околу програмите на школскиот систем, ширење на компјутерската техника и технологија, поттикнување на еколошката свест, информирање на болестите на зависност, подигнување на свеста кај женската популација и слично.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Климент Охридски" бр. 7.

Лице овластено за застапување и претставување на здружението е Ацески Рубин - претседател.

Од Основниот суд во Прилеп. (43144)

---

Се запишува во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под реден број 5 за 2000 година Здружението на граѓани под име Организација на Црвен крст Берово, кое е основано за да остварува определени хуманитарни цели и задачи од областа на здравството, социјалната заштита и воспитувањето, врз принципите на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина (хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволност, единство и универзалност).

Здружението ќе дејствува на територијата на општина Берово и Пехчево, а неговото седиште се наоѓа во Берово.

Од Основниот суд во Берово. (43268)

---

Со решение Згф. бр. 36/2000 од 12.06.2000 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации што се води при Основниот суд во Штип под реден број 36 за 2000 година се запишува: Атлетски клуб "ЦРЕШЕВО ТОПЧЕ" - Пробиштип.

Седиштето на здружението се наоѓа на ул. "Ленинов Плоштад" бр. 1 во Пробиштип, здружението ќе дејствува на територијата на општина Пробиштип.

Од Основниот суд во Штип. (43269)

---

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации се запишува под Рег. бр. 14/2000 Здружението на граѓани под име Стрелачки клуб "ЛЕАРНИЦА - ОХРИД" од Охрид.

Здружението на граѓани има за цел: омасовување и развој на квалитетен стрелачки спорт, развивање и унапредување на системот на натпревари, соработка со другите клубови, организирање на тренинзи и натпревари како и преземање на други активности во интерес за членството. Седиштето на здружението на граѓани е во Охрид на ул."15-ти Корпус" бб во Охрид каде и дејствува.

Овластено лице за застапување и претставување на здружението е Сашо Матлиески.

Од Основниот суд во Охрид. (43378)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег.Згф. бр. 38/2000 од 27.10.2000 година, го запиша следното:

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 38/2000 се запишува Општинска организација на Црвениот крст Тетово, со седиште во Тетово.

Работата и активностите на ораганизацијата ќе се однесува на чување и унапредување на здравјето и здравствената култура на населението, развој и унапредување на крводарителството, заштита и унапредување на човековата средина, развивање на хуманитарната дејност и солидарност, ублажување и отстранување на последиците од масовно - елементарни и други несреќи или вооружени судири, солидарност, рамноправност и доследно почитување на принципите за организирање на организацијата на Црвениот крст.

Подрачјето на организацијата и дејствувањето е подрачјето на општина Тетово.

Организацијата стекнува основ на правно лице во континуитет и ќе продолжи понатаму.

Од Основниот суд во Тетово. (43501)

---

Основниот суд во Кочани со решение Зг.бр. 14/2000 во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Здружението на корисници на вода за наводнување од ХМС "БРЕГАЛНИЦА" канал ГК - 7, од с. Облешево, со седиште во с. Облешево, општина Облешево.

Лице овластено за застапување на здружението е претседателот на здружението Миле Иванов од с. Облешево.

Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на остварување на целите, управување со наводнувањето на дел од дистрибутивната мрежа, намалување на трошоците за наводнување (водниот надомест) и подобрување на ефикасноста на наводнувањето за потребите на здружението и неговите членови.

Здружението на корисници на вода за наводнување од ХМС "БРЕГАЛНИЦА" канал ГК - 7, од с.Облешево, стекнува својство на правно лице од 10.11.2000 година.

Од Основниот суд во Кочани. (43502)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 894 се запишува здружението на граѓани Младински информативен центар за цивилна едукација со седиште во Скопје, ул."Милан Марковиќ" бр. 35.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Игор Серафимовски од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на едукација на младите во разни области од културата и образованието, борба против разни видови пороци, наркоманија, алкохолизам, никотинизам што се јавуваат меѓу младинската популација, организирано дружење на младите, развивање на меѓуетничката и мултикултурната соработка, едукација на младите во областа на музиката како и организирање на заеднички проекти, трибини, научни советувања, концерти, изложби, спортски манифестации и друго.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 29.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1028/00. (44087)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 888 се запишува здружението на граѓани Сојуз на студенти при факултетот за музичка уметност - Скопје со скратено име ССФМУ со седиште во Скопје, ул."Питу Гули" бр. 1.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Деница Наумова од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на афирмирање на факултетот во државата и пошироко, наставен, образовен и научен систем по европски стандард, со хуманитарни организации и организации кои се занимаваат со културна дејност како и воспоставување соработка со други студентски организации во земјата и странство.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 24.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1082/00. (44088)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 887 се запишува здружението на граѓани Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци со скратено име ЦМТБ со седиште во Скопје, ул. "Пролет" бр. 25.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Шаип Јашари од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на грижа, заштита и помош на лицата со статус на бегалци, грижа, заштита и помош на внатрешно раселените лица, хуманитарна помош на сите категории на лица на кои им е потребна, реализирање проекти со сродни меѓународни невладини организации, соработка и размена на искуства, информации, програми и проекти со национални и меѓународни сродни организации како и размена на проекти и соработка со организации кои работат на заштита на човековите права.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 23.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1108/00. (44090)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 893 се запишува здружението на граѓани Олива со седиште во Скопје, ул."Пандо Клашев" бр. 24 а.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Душица Димитровска од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на промовирање и унапредување на слободите и правата зацртани за граѓанска рамноправност соодветно на Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи, промовирање на позитивен мир, толеранција и соработка како и едукација на деца и возрасни, како и нивно активно вклучување во промовирањето на горенаведените цели.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 25.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1125/00. (44092)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 904 се запишува здружението на граѓани Организација на прогресивните Европски сили со скратено име ОПЕС со седиште во Скопје, ул. "Никола Тримпаре" бр. 18-1/1.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Вељан Поповски од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на поттикнување на соработка помеѓу членовите на ОПЕС маѓусебно и со други организации и асоцијации во земјата и странство, развивање и задоволување на културни, научни, образовно - воспитни, социјално - хуманитарни, спортски, технички, рекреативни и дуги потреби на граѓаните, на залагање за спроведување на човековите права и слободи, грижа како и заштита на младинскиот стандард.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 02.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1135/00. (44096)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 897 се запишува здружението на граѓани Големи и мали со скратено име Големи и мали - Скопје со седиште во Скопје, ул."Михаил Чаков" 6б.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Аспазија Софијанова - Спасовска од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на позитивна разлика во животот на децата преку професионално - проективна релација со грижлив возрасен, постигнување на повисоки потенцијали во правец на поверлива, компенетна и грижлива личност, подобрување на релациите со родителите, зајакнување на самодовербата како и подобрување на социјалната и културна надобразба.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 31.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1133/00. (44097)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 896 се запишува здружението на граѓани Кошаркарски клуб АЕРОДРОМ - Скопје со седиште во Скопје, ул."Митрополит Тодосија Гологанов" бр. 147/3-4.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Игор Георгиев од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на здружување на членството заради организирано развивање на кошаркарските способности и воопшто развојот на кошаркарскиот спорт, унапредување на стручната и техничката работа и активности, развивање и негување на патриотизмот и љубовта кон татковината како и општествено и материјално вреднување на трудот на членовите, играчите, спортските работници, стручниот и помошниот кадар.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 31.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1037/00. (44099)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 890 се запишува здружението на граѓани Хуманитарна организација за помош на лицата со ментален хендикеп, инвалиди и стари и изнемоштени лица НОВ ПОЧЕТОК со скратено име НОВ ПОЧЕТОК со седиште во Скопје, бул."Паризански Одреди" бр. 153/2-16.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Мелита Доан Ван Хај од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на обезбедување на севкупна грижа и помош на лицата со ментален хендикеп, инвалидите и старите и изнемоштени лица, соработува со Меѓународниот Црвен Крст, Црвениот Крст на РМ и други организации кои се занимаваат со слична дејност, организира семинари, советувања, трибини, предавања и друго, овозможува меѓусебно запознавање и контакти помеѓу лицата со хендикеп и инвалидите, старите и изнемоштени лица и нивно спроведување.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 24.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1123/00. (44101)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 901 се запишува здружението на граѓани Центар за младински иницијативи ПОНТИ со скратено име ПОНТИ со седиште во Скопје, ул. "Смољани" бр. 6.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Здравковски Марко од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на информирање на граѓаните за концептот на меѓуетнички односи, граѓанската толеранција и комуникација, промовирање на културните вредности преку трибини, изложби и други културни манифестации, заштита на човековите права на граѓаните како и афирмација на млади таленти преку публикацијата на нивни трудови, организирање изложби и концерти со отворен карактер.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 31.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1124/00. (44106)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 898 се запишува здружението на граѓани Центар за алтернативна креација Скопје, со скратено име ЦАК со седиште во Скопје, ТЦ Мавровка - приземје.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Ветон Ибрахими од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на мултиетничко општество, промовирање на младинските алтернативни идеи, едукација на младите против употреба на дрогата, преку организирање на трибини и со присуство на стручни лица, организирање на семинари, предавања и трибини за новинари за култура и уметност како и соработка со други локални невладини организации во РМ и со невладини организации во светот преку разменување и остварување на проекти од секојдневниот живот на децата, младите и сл.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 31.10.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1134/00. (44107)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 902 се запишува Здружението сексуална заштита на ученици и студенти со скратено име СЗУС со седиште во Скопје, ул." Анкарска" бр. 31/28.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Александар Поповски, дипломиран биолог од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на сексуална заштита на учениците и студентите преку наставно образовниот процес, одржување научни советувања, семинари, нагледни предавања и други форми кои ќе помогнат во остварувањето на основната цел, едукација на стручни кадри за изведување настава од сексологијата во сите степени на образованието, како и воспоставување на контакти со слични здруженија и асоцијации од други држави.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 02.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1139/00. (44109)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 906 се запишува здружението на граѓани здрава и креативна младина со седиште во Скопје, ул."Прашка" бр. 44.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Ѓорѓи Дамјановски од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на унапредување на положбата на младите во РМ во сите сфери, организирање и спроведување на широка активност за обезбедување услови за креативен живот на младите подобрена животна средина на младите луѓе со покренување на разни акции во соработка со еколошките друштва, обезбедување помош на млади хендикепирани луѓе, инвалиди и млади кои се тешко болни како и спроведување на општите човекови права.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 02.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1140/00. (44110)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 913 се запишува здружението на граѓани за изградба на црквата Свети Атанасие Ѓорче Петров со седиште во Скопје, ул."Арсение Јовков" бб.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател г-дин Марјан Најдановски од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на изградба на црквата Свети Атанасие Ѓорче Петров, да изготви проект за изградба на црквата и истата да биде изградена во стилот и внатрешниот ентериер според црквите на Македонската православна црква на РМ, да контактира со Црквениот одбор Свети Атанасие Ѓорче Петров, со Македонската православна црква и со државните органи на Град Скопје, на општината Ѓорче Петров и дуги асоцијации заинтересирани за изградба на црквата.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 08.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1052/00. (44111)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 914 се запишува здружението на граѓани Центар за развој на демократијата - Скопје, со скратено име ЦРД - Скопје, со седиште во Скопје, ул."Васил Ѓоргов" бр. 29/2-45.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Сашко Голов од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на едукација на млади за демократијата и за функционирањето на граѓанското општество, а во тие рамки особено едукација на млади новинари од различни медиуми, обука и подготовка на младите за проекти и понатамошно унапредување на демократијата на грѓанското општество како и работа на заеднички проекти со домашни, странски и меѓународни сродни невладини и владини организации.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 08.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1148/00. (44112)

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 903 се запишува здружението на граѓани РОДЕНА - Скопје со седиште во Скопје, ул. "Пиринска" бб.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Марионка Велева од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на поуспешно и подоследно остварување на мисијата на образовниот систем на РМ, да придонесе за развојот на демократските процеси и граѓанската свест во РМ, да прибира и дистрибуира искуства од невладини организации со исти цели од Европа и светот, да обезбедува презентација, публикација и дистрибуција на искуства стекнати на релација родител - дете - наставник како и соработка меѓу родители од различни средини со наставникот низ ефикасни форми и методи на работа.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 02.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1120/00. (44120)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 908 се запишува здружението на граѓани Книжевен центар за ментално здравје ТРЕТО ОКО со седиште во Скопје, ул."Ристо Равановски" бр. 15 а.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Тодор Тодоров од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на превенција на менталното здравје преку развивање на оптимистички приод во премостувањето на непријатностите и проблемите со кои се сретнуваме во животот, приближување на книгата до поширока јавност, одржување на меѓуетнички односи кои се одликуваат со љубов, разбирање, толеранција и доверба, реализација на здрав начин на живеење како и создавање на услови за духовна, интелектуална и физичка благосостојба на поединците и општеството во целост.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 03.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1138/00. (44121)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 910 се запишува здружението на граѓани Асоцијација на граѓани БАШАК со скратено име А.Г.БАШАК со седиште во Скопје, ДТЦ Мавровка - мезанин локал бр. 42 - Скопје.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Аднан Шабан од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на сестрана изградба на личноста на членовите кон развивање на нивните творечки, културни способности, еманципација во трендот со современото живеење, развивање на чувства на одговорност, хуманост за ширење другарски хумани односи, давање помош на загрозени семејства, деца и младинци, собирање хуманитарна помош и доброволни прилози, организирање на медицинска помош на напуштени деца, младинци и изнемоштени лица како и остварување и развој на воспитно - образовна дејност.

4. Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 06.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1127/00. (44122)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 96 се запишува подружница во РМ на странската организација Буз, Ален и Хамилтон со седиште во Вирџинија - САД, со седиште на ул."Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје.

2. Лице кое е овластено да ја застапува подружницата на странската организација Буз, Ален и Хамилтон од САД во РМ е г-дин Харисон Пирс Бруер - државјанин на САД.

3. Работата и активностите на подружницата на странската организација Буз, Ален и Хамилтон од САД во РМ ќе се однесуваат на обезбедување на техничка помош на нашата земја со цел за побрзо завршување на преговорите и подготовките за членување во Светската трговска организација (СТО), како и помош за развој на банкарскиот сектор, преку обезбедување на стручна и техничка помош при промовирање на сметководствени стандарди, финансиски извештаи, трансформацијата на ЗПП, помош во обука на персоналот на НБМ за вршење на супервизија во банкарското работење, координирање на проектот со другите УСИД проекти во РМ, а со цел за се поопфатен пристап во давањето на техничката помош.

Подружницата на странската организација Буз, Ален и Хамилтон од САД стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 02.11.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, С.О.бр. 14/00. (44119)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Македонски одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети со скратено име ИАЕСТЕ Македонија и МОМРСТФ, со седиште во Скопје со својство на правно лице од 15.12.1992 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр. 661 се запишува здружението на граѓани Македонски одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети со скратено име ИАЕСТЕ Македонија и МОМРСТФ, со седиште во Скопје, ул."Орце Николов" бб, кое го застапува неговиот претседател Катица Димитрова.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 209/98. (44089)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Сојуз на друштвата на историчарите на РМ со скратено име СДИРМ, со седиште во Скопје со својство на правно лице од 18.01.1953 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр. 885 се запишува здружението на граѓани Сојуз на друштвата на историчарите на РМ со скратено име СДИРМ, со седиште во Скопје, во Институтот за национална историја кое го застапува неговиот претседател д-р Тодор Чепреганов од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 584/99. (44094)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Здружение на авто - школи на РМ со седиште во Скопје со својство на правно лице од 09.03.1993 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр. 900 се запишува здружението на граѓани Здружение на авто - школи на РМ, со седиште во Скопје, ул. "Петар Поп Арсов" бр. 19, кое го застапува неговиот претседател Весна Мишева од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 627/99. (44105)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Прв Скопски Извиднички Одред со скратено име П.С.И.О. со седиште во Скопје со својство на правно лице од 26.12.1984 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр.

915 се запишува здружението на граѓани Прв Скопски Извиднички Одред со скратено име П.С.И.О. со седиште во Скопје, ул."Коле Неделковски" бр. 20, кое го застапува неговиот претседател Горан Јеленковиќ од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 163/98. (44117)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 849 се запишува здружението на граѓани Иницијатива за граѓанска Македонија со скратено име ГРАМА со седиште во Скопје, бул. "Партизански Одреди" бб, при институтот за социолошки и политичко правни истражувања.

- Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Марјан Гавриловски од Скопје.

3. Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на развој на индивидуализмот и свеста за индивидуалниот карактер на концептот на човековите права и слободи, промовирање на мултикултурализмот и интеркултурализмот во РМ преку различни форми на застапување, медијаторство, едукација по пат на семинари и работилници, организирање на трибини и тркалезни маси во функција на јавна расправа.

- Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 30.08.2000 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 1073/00. (44091)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Здружение на диригентите на Македонија - Скопје, со скратено име ЗДМ со седиште во Скопје со својство на правно лице од 28.11.1996 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр. 397 се запишува здружението на граѓани Здружение на диригенти на Македонија - Скопје, со скратено име ЗДМ, со седиште во Скопје, ул."Максим Горки" бр. 18, кое го застапува неговиот претседател Саша Николовски - Гумар од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 131/98. (44423)

---

1. Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Стеличарска Асоцијација на Македонија со скратено име САМ со седиште во Скопје со својство на правно лице од 22.05.1994 година, се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

2. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I - Скопје под рег. бр. 911 се запишува здружението на граѓани Стеличарска Асоцијација на Македонија, со скратено име САМ со седиште во Скопје,кеј."13-ти Ноември" бб, кое го застапува неговиот претседател Мирчески Мишел од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З.Г.бр. 389/99. (44429)

---

1. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под рег. бр. 909 се запишува здружението на граѓани Пливачко ватерполо клуб Скопје - Скопје со скратено име П.В.К. Скопје - Скопје, со седиште во Скопје, ул."Самоилова" бр. 72.

2. Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Ивановски Димитар од Скопје.

Воена книшка на име Миле Здравковиќ, ул. "М.Пијаде"бр. 35/3,Куманово. (43898)
Свидетелство на име Арсова Сузана,с.Вирче, Делчево. (43865)
Свидетелство за 4 година, издадено од Медицинско училиште на име Лукарова Тања, ул."Н.Н.-Борче"бр.32,Радовош. (43867)
Свидетелство на име Грашкоски Зоран, с. Воѓани,Прилеп. (43880)

Свидетелство на име Лумије Лума,Тетово.43885)

Свидетелство за 8 одделение на име Хусеини Ќамил, с. Жеровјане,Тетово. (43886)

Свидетелство за 7 одделение на име Рамани Мисим, с. Слатино,Тетово. (43890)

Свидетелство за 5 и 6 одделение на име Анита Ајро, с. Радолишта,Струга. (43904)

Свидетелство за 8 одделение на име Мируша Каба, с. Велешта,Струга. (43905)

Свидетелство на име Амило Калајџиев, с. Милино,Велес. (43912)

Свидетелство на име Бајрами Хакил,с.Челопек, Тетово. (43919)

Индекс на име Паризова Славица,Штип. (43907)

Диплома на име Рембоска Спироска Билјана, с. Мислешево,Струга. (43906)

Диплома на име Панов Васко Панче,ул."Алексо Демниев"бр.8,Велес. (43913)

Здравствена легитимација на име Петровска Валентина,ул."М.Барага" бб,Пробиштип. (43869)

Здравствена легитимација на име Ѓорѓиеска Елена, ул."Индустриска"бр.49,Битола. (43871)

Здравствена легитимација на име Бакаловска Љубица,ул."Козара"бр. 17,Битола. (43872)

Легитимација на име Николовска Лена, с. Г. Оризари,Битола. (43873)

Здравствена легитимација бр.36314207 на име Аднан Веби, с. Пршовце,Тетово. (43888)

Лична карта бр.000830 на име Јакимовска Дијана,Тетово. (43916)

Даночна картичка бр. 4030995121159,издадена од Управа за приходи - Скопје наиме Sоне звонко и други,Скопје. (43923)

Избирачка легитимација на име Ацо Наумоски, ул."В.Стефаноски"бр.36,Охрид. (43903)

Решение за дуќан на име Кадифка Ристева, ул."Питарница"бр.21,Гостивар. (43922)

Чек бр. 0090003879798, од тековна сметка бр. 11322570,издаден од Комерцијална беанка а.д, -Скопје на име Наумоска Славица,Скопје. (43851)

Работна книшка на име Ѓорев Јованче, ул. "Марксова"бр. 57,Неготино. (43735)

Работна книшка на име Ѓошев Панче, ул."А. Турунџиев"бр.16,Охрид. (43741)

Работна книшка на име Лачкоски Љупчо, ул. "М. Цепенков"бр.6,Охрид. (43742)

Работна книшка на име Спироска Билјана, Мислешевски пат,Струга. (43743)

Работна книшка на име Имероски Џабир, с. Октиси,Струга. (43744)

Работна книшка на име Далипоски Тримри, с. Калишта,Струга. (43745)

Работна книшка на име Велиу Имер,Гостивар.

Работна книшка на име Исмаили Муамед, Скопје. (43766)

Работна книшка на име Анакиева Фрона, с. Лески, Виница. (43791)

Работна книшка на име Стефаноски Љупчо, ул. "М.Несτороски" бр.4,Струга. (43795)

Работна книшка на име Трајчо Иванов,ул. "Ласте Митев"бр.1,Штип. (43799)

Работна книшка на име Ефремов Сашо,Свети Николе. (43801)

Работна книшка на име Вацев Лазар, ул."Маршал Тито"бр.2/10,Гевгелија. (43802)

Работна книшка на име Версато Тодоровска Марија,ул."Л.Лапецот" бр.174,Прилеп. (43804)

Работна книшка на име Диванисова Жаклина, с. Сенокос, Прилеп. (43805)

Работна книшка на име Црвенкоска Венетка, ул. "Б.Талески" бр. 73,Прилеп. (43806)

Работна книшка на име Хаџовиќ Сафет, с. Житоше,Крушево. (43808)

Работна книшка на име Асаноски Исмет, с. Житоше, Крушево. (43809)

Работна книшка на име Љимани Хаурије, Тетово. (43810)

Работна книшка на име Стојановска Маја, Скопје. (43818)

Работна книшка на име Димитровски Симеон, Скопје. (43837)

Работна книшка на име Кирил Стојановски, Скопје. (43840)

Работна книшка на име Јашар Перихан,Скопје.

Работна книшка на име Ахмедовски Амет, Скопје. (43846)

Воена книшка на име Насер Сулејмани,ул. "Романовска" бр.6,Куманово. (43790)

Свидетелство на име Седат Јашари,с.Матејче, Куманово. (43739)

Свидетелство на име Тексаноски Муарем, с. Канатларци, Прилеп. (43752)

Свидетелство на име Сулејманоска Адрије, с. Канатларци,Прилеп. (43753)

Свидетелство на име Текесаноски Адем, с. Канатларци,Прилеп. (43754)

Свидетелство на име Илјази Адем,Тетово.43757

Свидетелство за 7 одделение на име Арсова С. Лидија, с. Теранци,Кочани. (43764)

Свидетелство за 8 одделение на име Садат Јашари,ул."П.Спасовска"бр.20,Куманово. (43789)

Свидетелство на име Панев Кирил,Штип.(43792)

Свидетелство за 8 одделение на име Спасова К.Стојна, ул."29 Ноември" бр. 29,Кочани. (43793)

Свидетелство на име Игбаде Шабани,с.Опае,Куманово. (43794)

Свидетелство за 8 одделение на име Алили Дашури, нас. Теферич,Струга. (43796)

Свидетелство за 8 одделение на име Реџепи Муифедет, с. Калишта,Струга. (43797)

Свидетелство на име Костадинка Донева,Штип.

Свидетелство на име Хасани Хасмир,Тетово.

Свидетелство за 3 година,издадено од Гимназија "Зеф Љуш Марку"-Скопје на име Риза Трони, Скопје. (43833)

Свидетелство за 2 година, издадено од ГМЦ "Ѓеде Филиповски-Даме"-Скопје на име Гоневиќ Един, Скопје. (43838)

Диплома,издадена од Гимназија"Никола Карев" - Скопје на име Шукарова Јана,Скопје. (43824)

Диплома,издадена од Гимназија"Никола Карев" - Скопје на име Саболиќ Марко,Скопје. (43825)

Здравствена легитимација на име Трајков Никола,ул."Б.Т.Модерното"бр.11,Битола. (43749)

Легитимација на име Димоски Александар, Прилеп. (43750)

Здравствена легитимација на име Костадиноски Вељан,ул."Т.Бербер" бр.63,Крушево. (43807)

Уверение на име Меди Тахири,с.Пирок,Тетово.

Девизна штедна книшка бр.1430401004031, издадена од Охридска банка а.д. - Охрид на име Јонче Жилески, ул."Гоце Делчев"бр.141,Охрид. (43732)

Девизна штедна книшка бр.134090268686, издадена од Охридска банка а.д. - Охрид на име Вера Петровска Масин,ул."Рашанец"бр.67,Охрид. (43734)

Престанува со вршење на дејност,издаден од на име СД Пасион Менс -Саљи Билали,Скопје. (43821)

---

## ОГЛАС ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на РМ" бр. 38/93), Претпријатието АД "СЛАВИЈА" Скопје, објавува

### ОГЛАС ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА

1.Претпријатието АД "СЛАВИЈА" Скопје ги повикува поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на Република Македонија да ги пријават своите побарувања.

2. Своите побарувања барателите да ги достават истовремено до Претпријатието АД "СЛАВИЈА" Скопје и до Агенцијата на Република Македонија за

приватизација на посебен образец ("Службен весник на РМ" бр. 3/94), во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот.

3. Седиштето на претпријатието е во Скопје, ул. "Војводина" бр. 4.

АД "Славија" - Скопје

---

Врз основа на член 10 и член 16 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Министерството за внатрешни работи, објавува

**ОТВОРЕН ЈАВЕН ПОВИК БР. 60/2000**
**ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Набавувач: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, ул. "Димче Мирчев" бб, 1000 Скопје.

2. Предмет на набавката: Колективно осигурување за припадниците на Министерството за внатрешни работи од последици на смрт поради несреќен случај, траен инвалидитет и смрт од болест во 5 степени на ризик.

3. Повикот е јавен, отворен и анонимен.

4. На повикот може да се јави секое правно или физичко лице, регистрирано за дејноста во согласност со набавката. На повикот може да се јави и група на понудувачи.

5. Постапката на повикот се спроведува во согласност со член 16 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98).

II. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

1. Назив на понудувачот.
2. Висина на месечната премија и висината на осигурената сума по осигурено лице.
3. Рок на исплата во наведениот рок.
4. Гаранции за исплата во наведениот рок.
5. Начин на плаќање.

III. ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА (која понудувачот, во согласност со член 22, 23, 24 и 29 од Законот за јавните набавки, задолжително треба да ја приложи)

1. Документ за финансиски бонитет од Заводот за платен промет во согласност со Правилникот за содржината на бонитетот ("Службен весник на РМ" бр. 32/98), во оригинален примерок или копија заверена од нотар.

2. Потврда дека не е во стечај или не е во процес на ликвидација, издадена од судовите.

3. Потврда дека нема мерка за забрана за вршење на дејност.

4. Писмено овластување за учество на јавниот повик.

IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

| | |
|---|---|
| - висината на премијата | 30 поени |
| - висината на осигурената сума | 30 поени |
| - рок на исплата на осигурената сума | 20 поени |
| - начин на плаќање на премија | 20 поени. |

V. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

- Рок на доставување на понудите е 15 дена сметано од денот на објавувањето на отворениот јавен повик во последното средство за јавно информирање.

- Рок на важноста на понудата да не е помал од 60 дена од денот на нејзиното отворање.

- Понудувачите во согласност со член 54, став 1 од Законот за јавните набавки, понудите треба да ги достават во еден оригинален примерок кој треба да биде заверен и потпишан од одговорно лице на понудувачот.

- Понудата и другата документација се доставуваат во согласност со член 53 од Законот за јавните набавки, преку писарницата на Министерството за внатрешни работи или лично до Комисијата на 15.12.2000 година во 10,00 часот, кога ќе се отвораат понудите, во присуство на овластени претставници на понудувачите.

- Понудите кои не ги содржат бараните податоци, односно кои кои не е приложена бараната придружна документација и навремена понуда, ќе се сметаат за нецелосни и нема да се разгледуваат.

- Дополнителни појаснувања можат да се добијат на телефон 142-251.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 10 и 14 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Акционерското Друштво за телекомуникации "Македонски Телекомуникации"-Скопје, го објавува следниот

**ОТВОРЕН ПОВИК БР. 157/2000**
**(СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ)**
**ЗА НАБАВКА НА КАБИНЕТИ ЗА КОМУНИКАЦИСКА, СЕРВИСКА ОПРЕМА И PACH ПАНЕЛИ**

1.1. Набавувач: АД за телекомуникации "Македонски Телекомуникации"-Скопје со седиште во Скопје на ул. "Орце Николов" бб.

1.2. Предмет на набавката: Кабинети за комуникациска, сервиска опрема и Pach панели.

1.3. Вид и количина: Дадени во спецификацијата.

Спецификацијата може да се подигне во просториите на МТнет (објект Агромеханика) канцеларија бр. 43, секој работен ден од 10-12 часот.

Износот на надоместокот што треба да се плати при подигнување на спецификацијата е неповратен и изнесува: 2.000,00 денари на жиро сметка бр. 40100-601 -409621, даночен број 4030997339640, депонент на Стопанска Банка-Скопје.

1.4. Само понудувачите кои ќе ја откупат спецификацијата ќе имаат право да поднесат понуди.

1.5. Постапката по овој јавен повик ќе се спроведе во согласност со Законот за јавните набавки.

1.6. Критериуми за избор на најповолен понудувач:

| | |
|---|---|
| - Технички карактеристики на опремата | 40 поени; |
| - Цена на набавката | 20 поени; |
| - Начин на плаќање и рок на испорака | 20 поени; |
| - Постпродажен сервис и техничка поддршка | 15 поени; |
| - Референци | 5 поени. |

1.7. Рок на поднесување на понудите: 19. 12. 2000 година до 12,00 часот, кога ќе се изврши и јавно отворање на понудите.

1.8. Рок на важноста на понудата: 60 дена од денот на прифаќање на понудата.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

2.2. Понудата треба да ги содржи сите податоци неопходни за проценка по сите критериуми за избор на најповолен понудувач од точка 1.6. Доколку истите не се доставени, понудата ќе се смета за некомплетна.

2.3. Понудата треба исто така да содржи докази за техничка способност на понудувачот (согласно член 23 од Законот за јавните набавки).

2.4. Понудата треба да содржи податоци за гарантниот рок, начинот на сервисирање и одржување во гарантен рок и надвор од гарантниот рок.

2.5. Понудувачите треба да достават доказ за потеклото како и докази за обезбеден сервис и резервни делови.

2.6. Понудувачите задолжително да ја достават следната придружна документација:

- документ за бонитет чија содржина е пропишана од министерот за финансии со Правилник, согласно член 22;
- доказ дека понудувачот не е во стечај или во процес на ликвидација и
- доказ дека не му е изречена мерка на безбедност-забрана на вршење на дејност, издаден од страна на судот, согласно член 24 од Законот за јавните набавки.

Горенаведените придружни документи потребно е да бидат доставени во оригинален примерок или истите доколку се фотокопија да бидат заверени од страна на нотар.

2.7. Понудите треба да бидат придружени со банкова гаранција на понудите во износ од 2% од вредноста на понудата, која треба да биде доставена со придружната документација.

2.8. Понудата треба да содржи поединечни цени односно основна цена, како и вкупна крајна цена. Данокот на додадена вредност во понудата треба да биде посебно искажан. Цената во понудата треба да биде изразена во германски марки.

2.9. Понудата може да се достави за целата предметна набавка или за дел од набавката.

3. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1. Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде потпишан од страна на одговорното лице на субјектот.

3.2. Понудите се доставуваат во дирекцијата на АД за телекомуникации "Македонски Телекомуникации" -Скопје, ул. "Орце Николов" бб, Скопје. Понудувачите потребно е да обезбедат доказ за датумот на предавањето на понудата.

3.3. Понудата се доставува во запечатен плик. На предната страна од пликот, во горниот лев агол треба да биде назначено "не отворај" како и бројот на Отворениот повик, во средината на пликот треба да биде назначена точната адреса на АД за телекомуникации "Македонски Телекомуникации"-Скопје.

Во затворениот плик треба да има уште два затворени и запечатени плика.

Едниот внатрешен плик ја содржи понудата и носи ознака "понуда", а другиот внатрешен плик ја содржи документацијата и носи ознака "документација" со точната адреса на понудувачот.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1. Понудите кои не се предадени во рокот, како и оние кои не се изработени според пропозициите на отворениот повик и Законот за јавните набавки, нема да бидат разгледувани.

4.2. Јавно отворање на понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите ќе се изврши на ден 19. 12. 2000 година во 12,00 часот, во просториите на дирекцијата на АД "Македонски Телекомуникации"-Скопје, во салата на IV кат.

4.3. На отворањето на понудите може да присуствуваат претставници на понудувачот кои на Комисијата на набавувачот ќе и предадат писмено овластување за застапување на понудувачот.

4.4. Набавувачот изборот може да го изврши посебно по позиции во спецификацијата или во целина, од еден или повеќе понудувачи.

4.5. Секој понудувач може да учествува само со по една понуда.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел. 296-101 контакт лице Жанет Тантуровска.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 15 и 16 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Фондот за магистрални и регионални патишта објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БР. 05-1/2000**
**ЗА НАБАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**

1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1. Набавувач: Фонд за магистрални и регионални патишта-Скопје, адреса: ул. "Даме Груев" бр. 14, 91000 Скопје, тел. 091 118-044, факс. 091 220-525.

1.2. Предмет на набавката: нови и неупотребувани моторни возила, кои се детално опишани во Спецификација на Понудбената документација.

1.3. Краток опис на понудата:

1.3.1. Патнички возила ( Ford Fiesta, Opel Corsa, Seat Ibiza, Renault Clio, Mazda Demio) бр. 4.

1.3.2. Теренско возило (Renault Scenic Rx4, Tojota RAV4 2.0 VVT-i 150 HP, Honda CR-V 2.0) бр. 1.

1.4. Услови на понудување:

1.4.1. Ова барање е отворено за сите правни и физички лица регистрирани во Република Македонија.

1.4.2. Понудувачите може да понудат една од компонентите или двете компоненти наведена во Понудбената документација.

1.5. Рок за доставување на понудите:

1.5.1. Краен рок за поднесување на понудите е 20. 12. 2000 година до или пред 12,00 часот во архивата на Фондот за магистрални и регионални патишта во Скопје на адреса наведена во точка 1.1.

1.6. Рок на важноста на понудите е 35 дена од крајниот рок за поднесување на истите.

2. ПОНУДБЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Понудбената документација е бесплатна и истата може да се добие исклучително на писмено барање, на наведената адреса под точка 1.1. секој работен ден во периодот од 10,00-13,00 часот, почнувајќи од 05. 12. 2000 година. Секој понудувач кој ќе поднесе своја понуда, а не подигнал Понудбена документација ќе биде дисквалификуван.

3. ПОДОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

Понудувачите кои нема да ги достават, односно исполнат условите наведени во Понудбената документација ќе се сметаат за неподобни, односно несоодветни и нивните понуди ќе бидат отфрлени од понатамошно разгледување и оцена.

4. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНА НА ПОНУДИТЕ

Подобните понуди ќе бидат оценети согласно критериумите дефинирани во Понудбената документација.

5. ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Отворањето на понудите ќе се изврши во присуство на понудувачите.

Отворањето ќе се изврши во просториите на Фондот за патишта на ден 20. 12. 2000 година во 13,00 часот.

6. ИЗВЕСТУВАЊЕ

Сите понудувачи кои ќе достават понуда, за резултатите ќе бидат известени најдоцна до истекот на важноста на понудите.

7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации може да се контактира на телефонот наведен во точка 1.1. секој работен ден од 8,00 до 13,00 часот.

Набавувачот ќе заклучи Договор со еден или повеќе понудувачи за набавка на една или двете компоненти од барањето во зависност од оцената на понудите.

---

Врз основа на член 42, став 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 28/96), Комисијата за јавни набавки при општина Босилово, објавува

**БАРАЊЕ БР. 2/2000**
**ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ**

1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1. Набавувач: Општина Босилово - Босилово.

1.2. Предмет на набавката: Градежно-занаетчиски работи за управно-административна зграда до фаза на карабина.

1.3. Постапката по ова барање ќе се спроведе во согласност со Законот за јавните набавки.

1.4. Право на учество имаат сите физички и правни лица, регистрирани за ваков вид работи, чие седиште е во РМ.

1.5. Критериуми за избор на најповолен понудувач:
- најниска цена,
- начин на плаќање.
- рок на изведба,
- референтна листа,
- техничка опременост.

1.6. Рокот за поднесување на понудите е 30 (триесет) дена од денот на објавувањето.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да содржи единечни цени за сите позиции и вкупна цена изразена во денари.

2.2. Цената треба да биде конечна со сите вкалкулирани даночни обврски.

2.3. Исплатата на договорените работи ќе се врши сукцесивно по доставени ситуации, без аванс.

2.4. Рокот за изведување е по динамика на нарачателот.

3. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1. Понудата се доставува во еден оригинален примерок, потпишан од одговорното лице на понудувачот.

- Тендерската документација може да се подигне во просториите на општина Босилово, со уплата на 1.000,00 денари - износ што не се враќа, на жиро сметка на општина Босилово бр. 41300-637-682, ЕДБ 4027996117413, депонент на Народна банка на РМ - Скопје.

Понудите се доставуваат преку пошта или до архивата на општина Босилово.

3.2. Понудувачите покрај понудата задолжително треба да ја достават и следната придружна документација:

- документ за бонитет од носителот на платниот промет, во согласност со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Сл.весник на РМ" бр. 32/98);
- извод од регистрација на дејноста;
- доказ дека понудувачот не е под стечај или во процес на ликвидација;
- потврда од судот дека на понудувачот не му е изречена мерка - забрана за вршење на дејност;
- список на расположив стручен кадар, работно искуство и искуство во извршувањето на таков вид на работи;
- список на расположива опрема и други физички капацитети потребни за реализирање на набавката.

3.3. Напомена: сите документи треба да бидат оригинални или заверени од нотар.

3.4. Понудите треба да се доставаат во согласност со членовите 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1. Понудите кои не се предадени во предвидениот рок и не ги содржат бараните податоци, нема да бидат разгледувани.

4.2. Секој учесник може да учествува само со една понуда.

За дополнителни информации, понудувачите можат да контактираат на следниот телефонски број: 0902/371-600; факс 0902/371-600.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 10, 14 и 16 од Законот за јавните набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавните набавки при ЈЗО Психијатриска болница "Скопје" - Скопје, објавува

**ПОВТОРЕН ОТВОРЕН ПОВИК БР. 05-1399 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ХРАНА И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Набавувач: ЈЗО Психијатриска болница "Скопје" - Скопје, ул."Пролетерска" бб.

2. Предмет на набавката е храна и прехранбени продукти за годишни потреби на Болницата. Спецификацијата на предметот на набавката која содржи годишни количества на прехранбени продукти може да се подигне во просториите на Болницата секој работен ден од 8,00 до 13,00 часот.

3. Повикот е јавен, отворен и анонимен со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

4. Постапката на повикот се спроведува во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, а во согласност со член 18 во забрзана постапка чиј рок изнесува 15 дена, од денот на објавувањето на отворениот повик.

5. Квалитетот ќе го процени стручна комисија формирана за оваа намена, врз основа на примероците доставени од Ваша страна заклучно еден ден пред отворањето и досегашните искуства со производите од понудувачите.

Квалитетот ќе биде предуслов за понатамошно спроведување на цените.

Исто така комисијата ќе го цени квалитетот на стоките и при секоја понатамошна испорака на најповолниот понудувач.

6. Критериум за избор на најповолен понудувач:
- цена франко краен корисник.

II. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

1. Понудата треба да содржи: име, адреса и седиште на понудувачот.

2. Доказ за квалитет.

3. Цена по одредени артикли кои ќе бидат константни една година.

4. Рок на плаќање не помал од 60 дена.

III. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

1. Понудата се доставува во еден оригинален примерок, потпишана од страна на одговорното лице на понудувачот.

2. Понудувачите покрај понудата, задолжително треба да ја достават и следната придружна документација:
- извод од регистрација на дејноста;
- документ за бонитет од носителот на платниот промет;
- доказ дека понудувачот не е под стечај или ликвидација, оригинален примерок или фотокопија заверена кај нотар;
- доказ дека со правосилна пресуда не е изречена мерка на безбедност, забрана за вршење дејност, оформен примерок или фотокопија заверена кај нотар;

3. Понудата се доставува согласно со член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.

4. Рокот на доставување на понудата до 22.12.2000 година до 9.30 часот во архивата на болницата, а отворањето ќе се одржи на 22.12.2000 година во 10 часот.

IV. ГАРАНЦИЈА

1. Понудувачите заедно со понудата мора да достават и гаранција во вид на депозит или банкарска гаранција во вид на 5% од вредноста на неговата понуда.

Ако гаранцијата се приложи во вид на депозит истиот ќе се уплати на жиро сметка број 40100-603-427 при ЈЗО Психијатриска болница "Скопје" - Скопје, со назнака за учество на отворен повик бр. 05-1399, гаранцијата да важи најмалку 60 дена од денот на отворањето на понудата.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите, на комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивното учество на јавното отворање.

2. Понудите што ќе бидат предадени по истекот на рокот, како и тие што не се изработени според пропо-

зициите и критериумите утврдени во Јавниот повик и тендер документацијата, нема да бидат разгледувани.

3. Заради полесна обработка на податоците сите понудувачи се должни податоците за материјалите што се предмет на овој повик да ги внесат во тендерската документација што е подигната од нарачателот.

4. За дополнителни информации контакт тел. 344-656.

Комисија за јавни набавки

---

## АД КИК КУМАНОВО ОБЈАВУВА ПОВИК ДО СВОИТЕ АКЦИОНЕРИ

Во тек е постапка за промена на старите потврди за акции на АД КИК Куманово, со нови заради усогласување со член 18 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 7/97).

Старите потврди кои се издадени без датум на издавање се повлекуваат и не произведуваат правно дејство, а кога ќе се издаваат нови, акционерите дополнително ќе бидат известени.

АД КИК Куманово

---

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во врска со Ограничениот повик бр. 17-19559 објавен во "Службен весник на РМ" бр. 94 од 15.11.2000 година, за набавка на месо говедско свежо и месо јунешко свежо и Отворен повик бр. 17-19/552 објавен во "Службен весник на РМ" бр. 92 од 08.11.2000 година, за набавка на телиња од сименталска и монтофонска раса, Министерството за одбрана на Република Македонија ги известува заинтересираните понудувачи дека јавното отворање на понудите во присуство на понудувачите ќе се изврши на ден 05.12.2000 година со почеток во 10,00 часот, односно 11,00 часот во просториите на Министерството за одбрана, на ул. "Орце Николов" бб Скопје, наместо на 28.11.2000 година како што беше претходно објавено.

Министерство за одбрана

---

Врз основа на член 12 од Законот за јавните набавки, директорот на ЈП "ЕСМ" - Скопје - "Електродистрибуција" - Св. Николе донесува

## ОДЛУКА

I

Се поништуваат одлуките за јавна набавка бр. 11-677 од 03.11.2000 година и бр. 11-677/1 од 03.11.2000 година донесени од директорот на ЈП "ЕСМ" - Скопје "Електродистрибуција" - Св.Николе.

II

Се поништува Јавниот повик бр. 03-01/2000 година од 03.11.2000 година објавен во "Службен весник на РМ" бр. 91/2000 од 06.11.2000 година и во дневниот весник "Нова Македонија" од 07.11.2000 година.

III

Се поништува Јавниот повик бр. 04-02/2000 од 03.11.2000 година објавен во "Службен весник на РМ" бр. 91/2000 од 06.11.2000 година и во дневниот весник "Нова Македонија" од 04.11.2000 година.

Бр. 11-734
28 ноември 2000 година
Свети Николе

ЈП "ЕСМ"-Скопје, Подружница "Електродистрибуција" Св.Николе
Директор,
дипл.ел.инж. **Трајан Ефремов,** с.р.

## ИСПРАВКА НА ОТВОРЕНИОТ ПОВИК БР. 12-1612/2

за прибирање на понуди со јавно отворање за набавка на 3 (три) реконструирани електролокомотиви серија 441 објавен во "Службен весник на Р. Македонија" бр. 94 на 15.11.2000 година

Исправката се однесува на точка:
V. РОК И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ
- точка 5.3. треба да гласи:

Понудата се доставува по пошта или со предавање во архивата на ЈП "Македонски железници" - дирекција, наместо до 29.12.2000 година, треба да биде предадена најдоцна до 22.12.2000 година до 11$^{00}$ часот, со обезбеден доказ за датумот на предавање на понудата.

Јавното отворање на понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите наместо на 29.12.2000 година, ќе се изврши на 22.12.2000 година во 12$^{00}$ часот во просториите на ЈП "Македонски железници" - дирекција - Скопје.

Комисија за јавни набавки

PE Macedonian Railways
Announce

## A CORRECTION OF THE OPEN INVITATION No. 12-16-12/2

on collecting bids with public opening, for procurement of 3 (three) reconstructed electrical locomotives series 441 published in the Official Gazette of R. Macedonia No. 94 on 15.11.2000

The correction referees to item:
V. DEADLINE AND SUBMISSION OF BIDS
- item 5.3. is to say:

The bid is delivered by mail or by handing over in the archive of the PE "Macedonian Railways" - Directorate, instead up to 29.12.2000, is to be submitted not fater than 22.11.2000 up to 11.00 a.m. with provided evidence for the date of submission.

The public opening of the bids with a presence of authorized representatives of the Bidders instead on 29.12.2000 will be carried out on 22.12.2000 at 12.00 in the premises of the PE "Macedonian Railways"-Directorate-Skopje.

Public Procurements Commission

---

Врз основа на член 43 од Статутот, Управниот одбор на Тутунски комбинат - А.Д. - Прилеп на седницата одржана на 30.11.2000 година, по записник бр. 32, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАЛОПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ЦИГАРИТЕ

I

Малопродажната цена на цигарите за пакување од 20 пушачки единици се утврдува како следи:

| | |
|---|---|
| - "Бонд Стрит" - бокс | 46 денари |
| - "Бонд Стрит" - софт | 44 денари |
| - "Бонд Стрит Лајтс"-бокс | 46 денари |
| - "Бонд Стрит Лајтс"-софт | 44 денари |

II

Вака утврдените цени на цигарите ќе се применуваат од 1.12.2000 година.

Бр. 02-2855/2
30 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Диме Момироски,** с.р.

## ОБЈАВИ

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95 и 33/97), Министерството за труд и социјална политика

## ОБЈАВУВА

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец октомври 2000 година неможе да изнесува помалку од утврдената по одделни гранки и тоа:

| шифра | гранка | основица |
|---|---|---|
| 0101 | Електростопанство | 9.944 |
| 0102 | Производство на јаглен | 4.086 |
| 0105 | Производство на нафтени деривати | 8.556 |
| 0106 | Производство на железна руда | - |
| 0107 | Црна металургија | 7.430 |
| 0108 | Производство на руда од обоени метали | 7.430 |
| 0109 | Производство на обоени метали | 10.103 |
| 0110 | Преработка на обоени метали | 6.312 |
| 0111 | Производство на неметални минерали (без градежен материјал) | 5.880 |
| 0112 | Преработка на неметални минерали (без градежен материјал) | 4.583 |
| 0113 | Металопреработувачка дејност | 5.750 |
| 0114 | Машиноградба | 9.434 |
| 0115 | Производство на сообраќајни средства | 5.695 |
| 0117 | Производство на електрични машини и апарати | 5.836 |
| 0118 | Производство на базни хемиски производи | 4.886 |
| 0119 | Преработка на хемиски производи | 12.577 |
| 0120 | Производство на камен, чакал и песок | 8.093 |
| 0121 | Производство на градежен материјал | 11.447 |
| 0122 | Производство на режана граѓа и плочи | 5.415 |
| 0123 | Производство на финални производи од дрво | 3.929 |
| 0124 | Производство и преработка на хартија | 6.313 |
| 0125 | Производство на текстилни предива и ткаенини | 4.297 |
| 0126 | Производство на готови текстилни производи | 3.901 |
| 0127 | Производство на кожа и крзно | - |
| 0128 | Производство на кожни обувки и галантерија | 4.070 |
| 0130 | Производство на прехранбени производи | 7.475 |
| 0131 | Производство на пијалаци | 11.069 |
| 0132 | Производство на добиточна храна | 8.580 |
| 0133 | Производство и преработка на тутун | 6.995 |
| 0134 | Графичка дејност | 6.166 |
| 0135 | Собирање и примарна преработка на индустриски отпадоци | 4.792 |
| 0139 | Производство на разновидни производи | 8.887 |
| 0201 | Земјоделско производство | 5.859 |
| 0202 | Земјоделски услуги | 8.342 |
| 0203 | Рибарство | 6.152 |
| 0300 | Шумарство | 6.494 |
| 0400 | Водостопанство | 6.403 |
| 0501 | Високоградба | 4.870 |
| 0502 | Нискоградба и хидроградба | 5.667 |
| 0503 | Инсталатерски и завршни работи во градежништвото | 5.567 |
| 0601 | Железнички сообраќај | 7.413 |
| 0604 | Воздушен сообраќај | 12.837 |
| 0605 | Друмски сообраќај | 5.037 |
| 0606 | Градски сообраќај | 7.407 |
| 0608 | Претоварни услуги | - |
| 0609 | ПТТ услуги и врски | 10.321 |
| 0701 | Трговија на мало | 6.036 |
| 0702 | Трговија на големо | 11.030 |
| 0703 | Надворешна трговија | 10.808 |
| 0801 | Угостителство | 5.968 |
| 0802 | Туристичко посредување | 5.365 |
| 0901 | Занаетчиски услуги и поправки | 6.652 |
| 0902 | Лични услуги и услуги во домаќинството | 4.505 |
| 1001 | Уредување на населби и простори | 6.464 |
| 1002 | Станбена дејност | 10.837 |
| 1003 | Комунална дејност | 7.082 |
| 1101 | Банкарство | 13.008 |
| 1102 | Осигурување на имоти и лица | 14.773 |
| 1103 | Услуги во областа на прометот | 10.308 |
| 1104 | Проектирање и сродни технички услуги | 6.284 |
| 1105 | Геолошки истражувања | 7.665 |
| 1106 | Истражувачко развојна работа (освен научно истражувачка) | 9.462 |
| 1109 | Деловни услуги | 10.031 |
| 1201 | Образование | 6.186 |
| 1202 | Научно истражувачка дејност | 7.495 |
| 1203 | Култура, уметност и информации | 6.455 |
| 1204 | Физичка култура и спорт | 5.628 |
| 1301 | Здравствена заштита | 6.854 |
| 1302 | Општествена заштита на децата и младина и социјална заштита | 5.314 |
| 1401 | Органи на државна власт, единици на локална самоуправа и други облици | 6.904 |
| 1402 | Самоуправни интересни заедници | 7.305 |
| 1403 | Здруженија | 9.968 |
| 1404 | Политички партии, општествени организации, здруженија и други организации | 9.576 |

Министер,
**Бедредин Ибраими,** с.р.

---

Врз основа на член 12 од Законот за персонален данок од доход ("Службен весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 71/96 и 28/97), Министерството за труд и социјална политика

## ОБЈАВУВА

Просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец ноември 2000 година која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход изнесува 10.500 денари.

Министер,
**Бедредин Ибраими,** с.р.

---

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

## ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2000 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јули-ноември 2000 година во однос на просечните цени на мало во првото полугодие на 2000 година изнесува 3,7%.

Директор,
**Светлана Антоновска,** с.р.

## СОДРЖИНА

Страница

3170. Закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ........ 5403
3171. Закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата ........ 5403
3172. Одлука за разрешување и за именување членови на Советот за безбедност на Република Македонија ........ 5403
3173. Одлука за избор на претседател на Собранието на Република Македонија ........ 5404
3174. Одлука за избор на член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи ........ 5404
3175. Одлука за избор на член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за економија ........ 5404
3176. Одлука за избор на член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука ........ 5404
3177. Одлука за избор на член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање ........ 5404
3178. Одлука за избор на член на Владата на Република Македонија ........ 5404
3179. Одлука за одобрување на средства од Постојана резерва на Буџетот на Република Македонија ........ 5405
3180. Одлука за давање согласност на Статутот на ЈП "Македонски железници" - Скопје ........ 5405
3181. Одлука за распределба на дел од вишоците на приходите над дозволеното ниво на потрошувачката во 2000 година ........ 5405
3182. Одлука за распределба на дел од вишоците на приходите над дозволеното ниво на потрошувачката во 2000 година ........ 5405
3183. Одлука за давање концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина, украсен каменмермер во атарот на село Вепрчани на Трговското друштво за производство, трговија и услуги Таиб и Сабахудин "ЕВРО ГРАНИТИ", ДОО од село Желино - Тетово ........ 5406
3184. Одлука за давање Концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минералните суровини, минерална вода и гас $CO_2$, во околината на с. Бач, Битола на Претпријатиетo за изведување на градежни работи "ГРУНД" ДООЕЛ од Битола ........ 5406
3185. Одлука за давање Концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минералните суровини, минерална вода и гас $CO_2$, на локалноста на с. Новаци, Битола на претпријатието за промет услуги и градежништво "КОНАРТИС" Михајло и други ДОО увоз-извоз, Скопје ........ 5407
3186. Решение за утврдување на предметите кои може да се увезат без плаќање на царина ........ 5407
3187. Решение за именување директор на ЈКП "Водовод" - Битола ........ 5408
3188. Решение за именување директор на ЈП "Комуналец" - Битола ........ 5408
3189. Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод" - Битола ........ 5408
3190. Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈП "Комуналец" - Битола ........ 5408
3191. Решение за именување претседател и членови на Управниот одбор на Народниот музеј - Свети Николе ........ 5408
3192. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за одбрана ........ 5409
3193. Решение за разрешување од должноста помошник на директорот на Агенцијата за стопански недоволно развиените подрачја ........ 5409
3194. Решение за назначување помошник на директорот на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја ........ 5409
3195. Правилник, за македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења ........ 5409
3196. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5409
3197. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3198. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3199. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3200. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3201. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3202. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5410
3203. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5411
3204. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5411
3205. Решение на Државниот завод за геодетски работи ........ 5411

**Исправка** на Одлуката за распределба на средства за изградба на водоводи и канализации во Република Македонија во 2000 година ........ 5411

**Објава** за платата по работник која претставува основица за пресметување на даноци и придонеси од плата за месец ноември 2000 година ........ 5437

**Објава** за просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец ноември 2000 година ........ 5437

**Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец ноември 2000 година ........ 5437

**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.
**Директор и одговорен уредник - Марија Лељохин.**
**Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**
**Жиро-сметка 40100-603-12498. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.**